# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА РАБОТАТА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА ЗА ЈУНИ 2009 ГОДИНА

**Јули 2009 година**

**Советот на Светската царинска организација (СЦО) на состанокот одржан на 26-27.06.2009 година во Брисел на Царинската управа на Република Македонија ѝ ја додели наградата - Трофејот Јоланда Бенитес 2009 за достигнување во заштитата на правата од интелектуална сопственост (Yolanda Benitez WCO Trophy 2009 Combating Counterfeiting and Piracy) конкретно за запленета фалсификувана стока што може да му наштети на човековото здравје и безбедност.**

## I. Зајакнување на институционалниот капацитет

1. **Во јуни 2009 година Царинската управа стави во функција електронска национална база на податоци за вредност,** како дел од системот за анализа на ризик**.** Воспоставувањето на оваа база на податоци во согласност и со насоките на Светската царинска организација за борба против измами поврзани со царинска вредност во рамки на Договорот на Светската трговска организација за царинска вредност. Администрирањето и употребата се уредени со **Инструкција за користење на националната база на податоци за вредност на Царинската управа на Република Македонија**..

2. Со цел натамошно јакнење на капацитетот за борба против царински измами, во јуни 2009 година е **воспоставен електронски систем за размена на разузнавачки информации и пораки помеѓу Одделението за разузнавање и граничните испостави**. Администрирањето и употребата се уредени со **Оперативна инструкција за користење на систем на електронска размена на разузнавачки пораки.**

3. Царинската управа на својата интранет страна постави форум со цел на царинските службеници да им овозможи по електронски пат до надлежните организациони единици во Централната управа да доставуваат прашања поврзани со распоредување на стока по тарифа, царинска вредност или потекло. Администрацијата и употребата се уредени со **Инструкција за користење на апликацијата за националниот форум (прашања и одговори) на Царинската управа**.

4. Со цел поефикасно и поекономично користење на материјалните ресурси, Царинската управа донесе **Упатство за евидентирање и движење на основните средства**, со кое се уредува начинот на евидентирање и движење на основните средства во текот на нивната употреба сè до престанување на потребата од нивно натамошно користење и ставање вон употреба.

5. Во јуни 2009 година Царинската управа наплати вкупно 2.790,00 милиони денари (45,7 милиони евра) на име буџетски приходи, што е за 40 % помалку во однос на истиот месец 2008 година.

   Од вкупно наплатените буџетски приходи, на име царина и други царински давачки во јуни 2009 година наплатени се 391 милиони денари (6,4 милиони евра) што е за 38 % помалку од остварувањето во истиот месец 2008 година.

На име ДДВ во јуни 2009 година се наплатени 2.287 милиони денари (37,5 милиони евра), што е 42 % помалку од оствареното во истиот месец во 2008 година.

Наплатените приходи од акциза изнесуваат 86 милиони денари (1,4 милиони евра), што е 3% повеќе во однос на остварувањето во јуни 2008 година.

Наплатените приходи од надоместоци изнесуваат 26 милиони денари (426 илјади евра) што е за за 68 % повеќе во однос на јуни 2008 година.

Во периодот јануари - јуни 2009 година Царинската управа наплати вкупно 18.705 милиони денари (306,6 милиони евра) на име буџетски приходи, што е за 24 % помалку во однос на истиот период 2008 година.

Од вкупно наплатените буџетски приходи, на име царина и други царински давачки во периодот јануари- јуни 2009 година наплатени се 2.672 милиони денари (43,8 милиони евра) што е 13 % помалку од остварувањето во истиот период 2008 година.

Наплатените приходите од ДДВ во периодот јануари - јуни 2009 година изнесуваат 15.473 милиони денари (253,7 милиони евра), што е 26 % помалку од оствареното во истиот период во 2008 година.

Наплатените приходи од акциза во периодот јануари - јуни 2009 година изнесуваат 433 милиони денари (7 милиони евра) што е 4 % помалку од истиот период во 2008 година.

Наплатените приходи од надоместоци во периодот јануари - јуни 2009 година изнесуваат 126 милиони денари (2,1 милиони евра) што е за 16% повеќе во однос на истиот период 2008 година.

## II. Административен капацитет

6. Во јуни 2009 година беа реализирани вкупно 39 настани во форма на обуки, семинари, студиски посети, презентации со вкупно времетраење од 2.867 часа и учество на 427 царински службеници. Во текот на овој месец просечното времетраење на обука за вработените кои посетувале обука е 6,71 часа, а просечното времетраење на обука за секој вработен е 2,60 часа. За периодот јануари - јуни просечното времетраење на обука за вработените кои посетувале обука е 30,86 часа, а просечното времетраење на обука за по вработен е 7,70 часа.

   Меѓу другите, одржани се следните обуки, семинари, презентации и курсеви:

   Обука со тема „Платен промет со странство и платен промет во земјата“; 9 обуки со тема „Царинска етика“; 2 студиски посети во Царинската управа на Република Словенија за Царинска лабораторија и Царинско постапување со запленета стока; 5 обуки за пополнување на ТИР карнет, одржана е едночасовна презентација во Царинската управа за „Customs 2013“; 2 обуки на тема „Имплементација на Законот за општа управна постапка“; Обука за „Царинска тарифа“; обука за

„Царински преглед на контејнери“; Обука наменета за обучувачи за користење на опрема; Семинар за „Кеш курири, движење на пари во готово во странство“; Во Мадрид, Шпанија се оствари студиска посета за зајакнување на системот за спречување на перење пари и финансирање на тероризам; Семинар за суптилен трансфер на технологии во областа на непролиферацијата на хемиски, биолошки, радиолошки и нуклеарни материјали; Работилница на тема „Јавни набавки и нивната примена во пракса“; Обука за имплементација на Законот за постапување со претставки и предлози; во соработка со фабриката Титан – УСЈЕ се одржа обука за препознавање на сертификат за цемент;, се одржаа презентации за примена на Упатството за постапување при детектирање на зголемено ниво на јонизирачко зрачење, Упатството за постапување при откривање на опасни и штетни материи, Упатството за работа со системот за читање регистерски таблички и Упатството за работа со радиокомуникациски систем; Меѓународен семинар за национална имплементација на обврските од непролиферација на стоки материјали; Основна обука за законските прописи кои се применуваат во царинското работење; Обука за откривање на криминал со моторни возила; Работилница на тема „Клириншката куќа за биосигурност како механизам за имплементација на Картагенскиот Протокол за биосигурност – инспекција и царина“; Обука за системот за глобално позиционирање, како и поедноставување или разјаснување на процедурите околу Упатството за користење и управување со службени возила; Обука на тема „Управување со промени и управување со стрес“.

Во текот на овој месец, царинските службеници присуствуваа на неколку меѓународни активности:

- 5-ти состанок за комуникациска мрежа на ЕУ за прашања на даноците и царините, Мрежа за комуникациско поврзување CCN/CSI (поврзано со воспоставувањето на нов Систем за обработка на царински декларации-СОЦДи нигова интерконекција со системите на ЕУ), во Брисел, Белгија;
- 10-та меѓународна конференција за контрола на извозот во Истамбул- Турција;
- Состанок за годишната програма за 2010 (Програма Customs 2013 Европска Унија) во Братислава, Словачка;
- Состанок во Будимпешта, Унгарија со цел запознавање со улогата и одговорностите на регионалните центри за обука и постоечката пракса во другите региони;
- Третиот заеднички состанок за „Customs 2013 Training Management Group (TMG)“, кој се одржа во Брисел, Белгија;
- Состанок на Управна група за имплементација на билатерална помош со царината на Холандија, во Амстердам и Хаг, Холандија,
- 113 и 114 сесија на Советот за царинска соработка во Брисел, Белгија и
- 16-та Конференција на генерални директори на франкофонски земји, која се одржа во Париз, Франција.

## III. Интегритет и борба против корупција

7. Во текот на јуни Секторот за професионална одговорност спроведе 11 внатрешни истраги во организационите единици на Царинската управа. Внатрешните истраги се спроведени врз основа на различни сознанија и примени информации и по поднесени преставки. Во 3 случаи Одделението за внатрешни истраги постапувало по поднесени поплаки преку отворената линија 197. По завршувањето на истрагите изготвени се 5 извештаи со заклучоци во кои се основани сомненијата

дека царинските службеници работеле спротивно на позитивните законски одредби, подзаконски акти, оперативни инструкции и етичкиот кодекс и 6 извештаи во кои не е утврдено работење на царинските службеници кое е спротивно на позитивните законски одредби, подзаконски акти, оперативни инструкции и етичкиот кодекс.

Во истиот месец се реализирани 3 дисциплински постапки против 2 царински службеници, при што се изречени 2 дисциплински мерки за престанок на работен однос и 1 дисциплинска мерка во форма на парична казна.
Инспекторите од Одделението за внатрешна инспекција изготвија четири барања за мислење за извршената редовна контрола во царинските испостави Гевгелија, Струмица, Ново Село и Велес.

Во соработка со Одделението за ревизија спроведена е контрола на начинот на примена на Упатството за земање мостри и обемот на работа на Службата за лабораторија споредбено за 2008 и првите пет месеци од 2009 година.

Спроведена е контрола на постапувањето на царинските испостави при царинење на стока - бел шеќер од аспект на начинот на утврдување на царинската вредност и изготвените записници за наод за едно трговско друштво.

8. Во јуни 2009 година се спроведени 3 внатрешни ревизии: Ревизија за обемот на работата на царинската лабараторија; Ревизија за извршените систематски прегледи согласно договорот за јавна набака и Ревизија за Акциониот план на Царинската управа на Република Македонија за борба против корупцијата. Врз основа на извршените ревизии дадени се 6 препораки за постапување.

## IV. Транспарентност

9. Во јуни 2009 година преку отворената царинска телефонска линија (број 197) се примени вкупно 5.120 повика или во просек 170 повици на ден и тоа:
- 5 повици се А класа ( информации за кои се бара неодложна акција од страна на испостава или мобилна екипа) и по кои се превземени,
- 4 повици се В класа (информации кои бараат понатамошни дополнителни испитувања од други одделенија во Секторот за контрола и истраги или од други одделенија во Царинска управа), проследени до одделение за разузнавање и истраги за дополнителна обработка,
- 28 повици J класа (информации проследени до Сектор за професионална одговорност, а кои се однесуваат на жалби на граѓани за коруптивно и непрофесионално работење на царинските работници) најчести беа жалбите за застој и гужва. Од досегашните анализи констатирано е дека само 10% од овие информации имаат завршница, додека останатите 90% не содржат доволно податоци за покренување на истрага и се оквалификувани како неосновани.

До Дежурниот центар за состојби при Националната комисија за интегрирано управување, упатени се вкупно 81 барање и добиен е одговор на 58 од доставенита барања.

До Дежурниот центар за состојби при Бирото за безбедност на Министерството за внатрешни работи упатени се 13 барања и добиен е одговор на сите нив.

Во јуни 2009 година на официјалната интернет страна на Царинската управа објавени се 97 информации на македонски, англиски и албански јазик, додека на интранет порталот континуирано се објавуваат информации за вработените во Царинската управа.

## V. Спречување на нелегален увоз, извоз и транзит на стока и заштита на права од интелектуална сопственост

10. Врз основа на разузнавачки информации и анализа на ризикот, специјалните мобилни единици на Царинската управа во јуни 2009 година извршија преглед на 423 камиони, 271 автобус, 387 патнички моторни возила или на вкупно 1.081 возило на граничните премини и во внатрешноста, а Службата за мобилни скенери изврши 1.862 скенирања на 1.644 товарни моторни возила, 107 автобуси и 111 патнички моторни возила при што се запленети разни стоки (акцизна стока, текстил, како и фалсификувана стока од повеќе трговски марки).

    Истовремено, и царинските службеници на граничните премини и во внатрешните царински испостави спречија повеќе обиди за криумчарење, при што се запленети над 114.887 парчиња трговски стоки или над 100 видови трговски стоки: 46.130 парчиња текстилни производи, 17.600 прчиња цигари, 18.494 парчиња украси за ентериер, 16.535 парчиња силиконски прачки, 1.881 парче бижутерија, и значителна количина најразновидни производи за домаќинство и индустрија.

11. За откриените обиди за недозволен пренос на стока, како и за останатите недозволени постапувања, до Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа се доставени 141 барање за поведување на прекршочна постапка, од кои: 11 барање по прекршочна пријава за возила доставени од МВР, 24 барања по записник за царински прекршок доставени од Секторот за контрола и истраги при Царинската управа, 95 барања по записник за царински прекршок доставени од царинските испостави, 4 барања по записник за царински прекршок од СНИО и 7 се вратени предмети од Основните судови. Комисијата за одлучување по прекршок при Царинската управа во јуни 2009 година реши 84 предмети во редовна и итна постапка и за истите изрече глоба во вкупен износ од 3,4 милион денари (околу 56 илјади евра) и ја одзеде стоката предмет на царински прекршок.

12. Во текот на јуни Царинската управа издаде 298 покани за плаќање на глоба, односно изрече мандатни казни на сторителите на царински прекршоци во вкупен износ од околу 3,7 милиони денари (околу 60 илјади евра).

13. Во јуни 2009 година Царинската управа донесе 346 решенија за дополнителна наплата на помалку пресметан царински долг во вкупен износ од 17 милиони денари (околу 279,4 илјади евра).

14. Во овој месец се извршени дополнителни контроли по разни основи во 18 трговски друштва, врз основа на кои се изготвени 76 предлози за дополнителна наплата на

помалку пресметан царински долг во вкупен износ од 437,5 илјади денари (околу 7 илјади евра).

15. Во текот на јуни Царинската управа до основните јавни обвинителства поднесе 6 пријави за покренување за кривична постапка против 6 физички лица и 6 правни лица.
    Основите за поднесување на кривични пријави во јуни 2009 година се следните:
    - фалсификување и употреба на исправа и симнување и оштетување на службен знак / царинска пломба - 1 кривична пријава против 1 физичко лице и 1 физичко лице
    - царинска измама - 5 кривични пријави против 5 физички лица и 5 правни лица.

    Вкупната вредност на стоката предмет на кривично дело изнесува 1,6 милиони денари (околу 26 илјада евра), ненаплатените односно избегнатите царински давачки изнесуваат 2,1 милиони денари (околу 33,8 илјади евра).

16. Во јуни 2009 година Царинската управа интервенираше во 13 случаи на обиди за повреда на право од интелектуална сопственост и привремено задржа 121.939 парчиња и 196 килограми стока поради основано сомневање дека се работи за фалсификувани трговски марки.

    Најголем дел од привремено задржаната стока ја сочинуваат:
    - 73.800 парчиња хартиени етикети
    - 30.000 парчиња ДВД / ВЦД
    - 7.458 пакувања тоалетна вода
    - 6.940 пакувања козметички производи (маскара, креми, креони)
    - 1.128 парчиња спортска опрема
    - 930 парчиња наочари за сонце
    - 701 парче облека (блузи, маици, хеланки, долен веш,)
    - 784 парчиња модни додатоци (паричници, каиши, рачни часовници)
    - 192 пакувања парфеми
    - 196 килограми поли-етиленски кеси

    Во јуни Царинска управа постапила по службена должност во 6 случаи, од кои во 5 случаи се поднесени барања за преземање на царински дејства, а во 1 случај постапката за поднесување на барање е во тек.

    Во периодот од 01.06.2009 до 30.06.2009 година се примени единаесет барања за преземање на царински дејства според Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост и тоа за трговската марка: NUTRITIONIST, PROMESSE, AMBRE SOLAIRE, ATTRACTION, ATTITUDE, CERRUTI, DRAKKAR NOIR, MAGNIFIQUE, PEME и VICHY.

    Во јуни 2009 година се донесени одобренија за уништување на 6,630 парчиња стока предмет на повреда на право од интелектуална сопственост и тоа за следните трговски марки: NIKE, ADIDAS и PUMA чорапи; G-STAR и NIKE маици памучни; NIVEA креми. Уништени се 1732 парчиња стока и тоа за следните трговски марки: ROBERTO CAVALLI фармерки; NIKE, ADIDAS и PUMA тренерки; NIKE чорапи; NOKIA слушалки и батерии за мобилни телефони; патосници MERCEDES – BENZ.
    .

## V. Меѓуинституционална, меѓународна соработка и проекти

17. На 15.06.2009 година, во просториите на Царинска управа, директорот на Царинската управа и Потпретседателот за корпоративни работи во „Japan Tobacco International", потпишаа Анекс на Меморандумот за разбирање помеѓу Царинска управа на Република Македонија и Japan Tobacco International, со кој времетраењето на меморандумот се продолжува во наредните две години. Основна цел за продолжување на времетраењето на Меморандумот е промовирање на соработка помеѓу владините иституции и тутунската индустрија, со цел заедничко и конструктивно делување во справувањето со нелегалната трговија со производи од тутун, поконкретно соработка во делот заштита на легалната трговија со производите од тутун, спречување на криумчарењето на оригинални производи од тутун, спречување на нелегалното производство, трговија и дистрибуција на фалсификувани производи од тутун итн.
18. На 24-25 јуни 2009 година во Амстердам се одржа шестиот состанок на Комитетот за управување на Проектот за техничка помош помеѓу Царинската управа на Република Македонија и Даночната и царинската управа на Холандија. Соработката на царинските управи на Република Македонија и на Кралството Холандија, во првите шест месеци од 2009 година е оценета како исклучително успешна.

    Во изминативе шест месеци посебно внимание е посветено на проектите за јакнење на контролната и ревизорската функција на царинската служба во компаниите, понатамошна примена на поедноставените царински постапки и подобрување на административниот капацитет за примена на царинската вредност и потеклото на стоките. Во рамки на Комитетот, директорот на Царинската управа изврши презентација на севкупните достигнувања на Царинската управа во изминатиот период (наплата на приходи, број на откриени прекршоци и заплени, показатели за подобрување на интегритетот и борбата против корупцијата, како и подобрувањето на царинското законодавство и административниот капацитет). Беа договорени сите понатамошни активности каде Царинската управа на Холандија ќе пружа помош во наредниот период. директорот во холандската Царина изрази задоволство од постигнатите резултати.